Уп. Бр.08-45/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за деловни услуги и трговија СИТИ ПЛАЗА ДОО Скопје со седиште на улица Св.Кирил и Методиј бр.7 Скопје, Република Северна Македонија, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 24.03.2021 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за деловни услуги и трговија СИТИ ПЛАЗА ДОО Скопје со седиште на улица Св.Кирил и Методиј бр.7 Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне контрола над Рамсторе Бугарија ЕАД, со регистрирано седиште на ул. Лајош Кошут бр.33, кат 5 стан 26, Софија, Бугарија, по пат на стекнување на 100% од акциите во Рамсторе Бугарија ЕАД, со што и индиректно Сити Плаза ДОО Скопје ќе се стекне со удел кој претставува 99% од основната главнина во Друштво за трговија и услуги РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул.Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје – Центар Република Северна Македонија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 12.03.2021 година,  до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Друштво за деловни услуги и трговија СИТИ ПЛАЗА ДОО Скопје со седиште на улица Св.Кирил и Методиј бр.7 Скопје, Република Северна Македонија со која СИТИ ПЛАЗА ДОО Скопје, ќе стекне контрола над Рамсторе Бугарија ЕАД, со регистрирано седиште на ул. Лајош Кошут бр.33, кат 5 стан 26, Софија, Бугарија, по пат на стекнување на 100% од акциите во Рамсторе Бугарија ЕАД, со што и индиректно Сити Плаза ДОО Скопје ќе се стекне со удел кој претставува 99% од основната главнина во Друштво за трговија и услуги РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул.Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје – Центар Република Северна Македонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Сити Плаза ДОО** е друштво со ограничена одговорност регистрирано согласно законите на Република Северна Македонија. Содружник кој поседува 97.18% удел во основната главнина на Сити Плаза ДОО е Друштво за производство и трговија ЕВРОАСИЈА ТЕХНИКА Ајдован и др. Експорт-импорт ДОО Скопје, со седиште на ул. Кеј Димитар Влахов бр.1 Скопје – Центар, додека останатиот удел во износ од 2.82% од основната главнина е сопствен удел на Сити Плаза ДОО. Краен сопственик на Сити Плаза ДОО е г-дин Ајдован Адемоски.

Сити Плаза ДОО е присутно на релевантниот пазар на давање под закуп на простор за малопродажба во трговски центри во Република Северна Македонија преку сопственоста над трговскиот центар Капитол Мол Скопје (Capitol Mall Skopje). Сити Плаза ДОО не е присутно на релевантниот пазар на малопродажни маркети во Република Северна Македонија.Г-дин Ајдован Адемоски ја остварува контролата над Сити Плаза ДОО преку неговото учество во капиталот на две зависни друштва – ЕУРОАСИЈА ТЕХНИКАЛ АЈДОВАН и др. Експорт-импорт ДОО Скопје и ПЕРА КОНСТРАКШН ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје со седиште на ул.Св. Кирил и Методиј бр.7 Скопје – Центар, но истите не се присутни на релевантните пазари во Северна Македонија, односно истите се присутни на пазарот на хотелиерство, односно градежништво. Сити Плаза ДОО е содружник во Друштвото за туристички услуги и сместување СТОНЕБРИДГЕ-ХОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на Кеј. Димитар Влахов бр.1 Скопје – Центар со удел кој изнесува 87,19% од основната главнина.

**Рамсторе Бугарија ЕАД** е приватно акционерско друштво основано согласно законите на Република Бугарија. Рамсторе Бугарија ЕАД од 2007 година има прекинато со вршење на секакви активности во Република Бугарија и се има повлечено од пазарот за малопродажба во Република Бугарија.

Рамсторе Бугарија ЕАД има регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија преку Рамсторе Македонија ДОО преку својот удел во Рамсторе Македонија ДОО кој изнесува 99% од основната главнина на друштвото. Вкупниот приход на Рамсторе Бугарија ЕАД произлегуваат исклучиво од сопственоста на капиталот во Рамсторе Македонија ДОО. Освен уделот во Рамсторе Македонија ДОО, Рамсторе Бугарија ЕАД не поседува удели во други друштва.

Рамсторе Македонија ДОО е трговско друштво регистрирано согласно законите на Република Северна Македонија, присутно на пазарот на давање под закуп на простор за малопродажба во трговски центри во Република Северна Македонија преку трговскиот центар Рамсторе Мол Скопје (Ramstore Mall Skopje) кој е во сопственост на Рамсторе Македонија ДОО и на пазарот на малопродажни маркети преку ланецот на Рамстор маркети, присутни на пазарот во Северна Македонија со 28 малопродажни маркети лоцирани на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**